# Послушајте патриоти




Послушајте патриоти
Да ви кажам словото
На Ѓурѓовден бев затворен
В темни, влажни зандани ) 2п

На Ѓурѓовден бев затворен
Од проклети шпиони
Од проклетите шпиони
И неразбрани трговци ) 2п

Ах не дејте не мачете
Невинен сум како цвет
Никому лошо не сум сторил
Ни на овој бели свет
Родил сум се за слобода
За човечки правдини

Ах да знае мојта мајка
Гробот да ми ископа
И на гробот да напише
Тука почива маченик
Тук почива Александро
Караѓуле Охридски